# СТРАЗБУР 03.10 Сигурна реализација

**Strasbourg Strasbourg France**

**✈ авионски превоз**



## СТРАЗБУР - ШВАРЦВАЛД - АЛЗАС

Авион 4 дена /3 ноќевања

Во Франција, на исток заграден со планинскиот масив Вогези, а на запад со Германија, се наоѓа регионот АЛЗАС. Историјата, пејсажот и културата на овој дел од Франција пленат со својата убавина, разновидност... Главен град на регионот е СТРАЗБУР, кој е еден од најзначајните центри на Европската Унија. Карактеристично за овој регион се лозовите насади кои ги даваат едни од најпознатите сорти на вина, врв на светскиот квалитет на бели вина од ароматични сорти на грозје. Со својата величествена и дива убавина, планинскиот масив ШВАРЦВАЛД (Црната Шума) во германската сојузна држава Баден – Буртенберг формира издолжен правоаголник помеѓу градовите Карлсруе, Штудгард, Базел и езерото Констанца. Шварцвалд отсекогаш фасцинирал и инспирирал со непрегледните низи на ели, борови и буки, потоци, реки и горски езера,

пасишта и ливади... а во плодната долина се сместени симпатичните градчиња и села...

**03.10 петок СКОПЈЕ – БАЗЕЛ – СТРАЗБУР**

Состанок на групата на аеродромот во Скопје
во 05:25 часот. Полетување за Базел во 07:25 и пристигнување во 09:45 часот. Трансфер ја пречекува групата на аеродром, патување за Стразбур. Пристигнување во центарот, од каде почнува разглед на градот: седиштата на Европскиот совет, Европскиот Парламент, Меѓународниот суд за човекови права и други важни европски и светски институции. Разглед на историскиот центар на градот: Катедралата Нотр Дам во готски стил висока 142 метри, Старата царина, Палатата Рохан, куќата Камерзел, Плоштадот Гутенберг. Стариот дел на градот познат и како мала Франција е најсликовитиот дел на Стразбур кој изобилува со шарени градби од дрво градени помеѓу 16-ти и 17-ти век, покриени мостови и одбранбени кули од 13-ти век. Можност за крстарење по каналите на Стразбур. Сместување во хотелот. Вечерна
прошетка. **Ноќевање**.

**04.10 сабота ШВАРЦВАЛД - Баден Баден - Хајделберг**

Појадок. Целодневен **факултативен излет во Шварцвалд:** разглед на Баден-Баден, кој се наоѓа во подножјето на Шварцвалд, на реката Ос и претставува вистинска оаза на Германската култура и историја. Во градот се наоѓаат 14 термални извори, познати по своите лековити својства, па затоа и градот е идеално место за бански туризам. За неговото славно минато светочат големите раскошни палати и вили со прекрасно уредени паркови и 3 километри долгото шеталиште. Патувањето го продолжуваме кон Хајделберг, романтично гратче сместено на реката Некар. Атракција е ренесансниот замок на брдото над градот кој спаѓа меѓу најимпресивните објекти во Германија и опстојува повеќе од 700 години, се вбројува во топ 10 најпопуларни европски знаменитости со повеќе од 3 милиони туристички посети годишно. Градот е седиште на една од најстарите образовни институции во Европа – Универзитетот Руперт-Карл, основан во 1386-та година. Панорамско разгледување на градот: Карловата капија 18-ти век, Замокот Хајделберг 14-ти век, Градското собрание од 14-ти век, стариот

градски плоштад, стариот мост на Некар долг 200 метри од 18-ти век, готската црква на Светиот Дух од 14-ти век, Универзитетската четврт, Алејата на филозофите со најубав поглед на стариот дел на градот. Враќање во Стразбур. **Ноќевање.**

**05.10 недела АЛЗАС - Риквир и Колмар - ФРАЈБУРГ**

Појадок. Целодневен **факултативен излет во Алзас**: селото Риквир едно од најубавите села во Франција со годишна посетеност од околу милион туристи. Тесните улички потсетуваат на сценографија за некој филм чие дејство се одвива во средниот век. Интересни се кулата на северната капија од 13-ти век, црквата од 14-ти век, станбените згради кои потекнуваат од 16-ти и 17-ти век. Посета на винарија и можност за дегустација на вино. Слободно време. Патувањето продолжува кон Колмар, сместено во подножјето на планината Вогези на реката Лаух, која со канал е поврзана со Рајна. Поради многубројните мостови, канали и преубави плоштади се нарекува мала Венеција. Стариот и зачуван средновековен центар на градот од 9-ти век е главна туристичка атракција која привлекува огромен број на туристи. Во старите дрвени градби се наоѓаат цркви, продавници, сувенирници, кафулиња, ресторани... Религиските и културни знаменитости во Колмар се протегаат низ многувековната Германско-Француска историја. Слободно време во историскиот центар на градот: црквата Свети Мартин, Доминиканска црква, куќата Пфистер, квартот Танеурс, музејот Бартолди, музејот Унтерлинден. Попатна посета на Фрајбург: гратчето кое го носи епитетот бисерот на Шварцвалд. Иако за време на Втората светска војна бил сосема уништен, полека и прецизно е реставриран до последниот детал, па денес важи за еден од најубавите средновековни градови во Европа. Прошетка по Главниот плоштад со Катедралата Мунстер и камбанаријата висока 116 метри, Трговската зграда од 16-ти век со темноцрвена фасада, Градското собрание од 16-ти век, Плоштадот на Аугистините со манастирот каде има скали налик на познатите Шпански скали во Рим. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**06.10 понеделник СТРАЗБУР - БАЗЕЛ - СКОПЈЕ**

Појадок. Одјавување од хотел. Слободно време за прошетка во Стразбур. Поаѓање за Базел, разглед на градот. Слободно време до трансферот до аеродромот во Базел. Полетување за Скопје во 20:45 часот и слетување во 22:55 часот.

## Промо цена за уплати до 30.08 : 30.940 / 499 €

## ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 35.280 мкд / 569 €

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО**:

- Авионски билет на релација Скопје –Базел – Скопје

- Аеродромски такси

- Рачен багаж (1 торба/куфер со димензии 40x30x20cm до 10kg)

- Сите трансфери по програмата со автобус

- Сместување во Хотел **Appart'City Confort Strasbourg Centre 3*** на база 3 ноќевања со појадок

- Организиран разглед на Базел и Стразбур

- Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО**:

- Доплата за багаж: куфер за чекирање до 10кг / 20кг (цената е променлива, инфо во агенција 5 дена пред поаѓање)

- Туристичка такса 1200 денари (се плаќа во агенција)

- Крстарење по каналите на Стразбур 25 евра (се плаќа на лице место)

- Факултативен излет до Алзас: Риквир и Колмар и Фрајбург 75 евра

- Факултативен излет до Шварцвалд: Баден Баден и Хајделберг 70 евра

**- ПАКЕТ ФАКУЛТАТИВИ (Алзас, Шварцвалд, крстарење Стразбур) – 155 евра**

- Доплата за еднокреветна соба 6.700 мкд

- Влезници за локалитети и културно-историски споменици, јавен превоз...

- Патничко осигурување

**НАПОМЕНИ:**

Цените се по лице за сместување во двокреветни соби.

За реализација на аранжманот потребен е минимум од 20 патници. За резервација задолжителна уплата на аванс од 30% од вкупниот износ на аранжманот. Целосна доплата на аражманот е 10 дена пред поаѓање. Усни и телефонски резервации се невалидни. Плаќањето е исклучиво во денарска против вредност по курс 1 евро = 62,00 денари.

За реализација на факултативните излети потребен е минимум од 15 патници. При резервација задолжително е изјаснување/пријавување кои од понудените факултативи ќе ги користи патникот како би можела агенцијата навремено да ги организира истите.

Агенцијата го задржува правото на промена на редоследот на програмата во случај на непредвидени објективни причини, како на пример застој на граница, доцнење на летот, застој во сообраќајот, затвореност на некој од локалитети предвидени за посета ...

**Организаторот на патувањето го задржува правото по пат на ultra first или last minute понуда да ги објави и продаде слободните места по цени кои се разликуваат од оние кои се веќе објавени. Лицата кои го уплатиле аранжманот по редовен ценовник, немаат право на надомест на средства за разлика во цена.**

Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот 7 дена пред поаѓање доколку не е исполнет бројот на пријавени лица предвидени по програмата за ова патување.

Патникот има обврска пред поаѓање 24 часа да ја контактира агенцијата за потврда на точното време и место на поаѓање.

Патната исправа треба да е валидна минимум 3 месеци по завршувањето на аранжманот. Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се истите да ги приложат во агенцијата за проверка.

За овој аранжман важат општите услови за патување на ТА ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ.